Бр. 09 – 977/4
21.9.2021 година
Скопје

Врз основа на член 103, став 1, точка 2 и член 149, став 2, точка 8 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Ректорската управа на 263. седница одржана на 21.9.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2021/2022 година

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и критериумите за плаќање половина од износот на уписнината за студентите *чие родителско право го врши само еден родител,* а кои се запишани на прв циклус студии во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година.

Студентите кои го запишуваат последниот семестар по вторпат и повеќе, немаат право да ја користат оваа погодност.

### Член 2

Студент *чие родителско право го врши само еден родител,* во смисла на оваа одлука е студент кој има:

- само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
- починат родител, или
- родител кој го загубил родителското право.

### Член 3

Квотата на студенти кои имаат право да ја користат оваа погодност се утврдува на следниот начин:

- по еден (1) студент запишан во државната квота за секоја студиска програма, и за секоја студиска година, пооделно
- по еден (1) студент запишан во квота со школарина за секоја студиска програма, и за секоја студиска година, пооделно.

### Член 4

По завршувањето на уписите на студентите во зимскиот семестар во учебната 2021/22 година Универзитетот објавува интерен оглас на кој заинтересираните студенти ќе можат да аплицираат.

За спроведување на постапката за селекција на кандидатите, единиците формираат комисија.

Комисиите на единиците утврдуваат ранг-листа на добитници на погодноста за намалување на уписнината за својата единица.

**Член 5**

Селекцијата на кандидатите од член 3 од оваа Одлука се врши според *Правилникот за запишување во квоти на студентите чие родителско право го врши само еден родител* (Службен весник на Република Македонија бр. 56/2017).

При рангирањето на кандидатите, комисиите пресметуваат поени за рангирање согласно *Правилникот* од став 1 од овој член, односно 60% од поените се пресметуваат според финансиската состојба на кандидатот (се докажува со уверение за остварени приходи, издадено од УЈП и со лична изјава за бројот на членовите во семејството) и 40% од поените се пресметуваат со скалирање на поените за постигнатиот успех во досегашното студирање:

- за студентите кои се запишале на прва студиска година - вкупниот број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии помножено со 0.4, односно
- за студентите кои се запишале на повисока студиска година - успехот постигнат во текот на досегашното студирање (просечниот успех на студентот согласно уверението за положени испити), помножено со коефициент 4.

Комисијата самостојно ги пресметува овие поени и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година пооделно. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

**Член 6**

Студентите *чие родителско право го врши само еден родител,* при запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2021/22 година ќе ја платат само половината од износот на уписнината за семестарот. Остатокот ќе го уплатат по завршувањето на Интерниот оглас согласно чл. 4 од оваа Одлука.

Студентите кои ќе се здобијат со погодноста за намалување на уписнината, согласно чл. 5 од оваа Одлука, нема да ја доплатат школарината за запишување на зимскиот семестар за учебната 2021/22 година и ќе платат само половина од уписнината за летниот семестра за оваа учебна година.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2021/2022 година ((бр. 02-977/4 од 21.9.2021 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2021/2022 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2021/2022 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестра на прв циклус на студии во учебната 2021/2022 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или
   - починат родител, или
   - родител кој го загубил родителското право.

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Оглас, единиците формираат комисија и најдоцна од 22.9.2021 година објавуваат електронска адреса за аплицирање.

4. Апликантите, **најдоцна до 6.10.2021 година до Претседателот на Комисијата во својата единица**, на објавената електронска адреса треба да достават пријава во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

   Со пријавата апликантите, во pdf – формат, ги доставуваат и следниве документи:
   - потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
   - за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
   - за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија
   - пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
   - за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
   - за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

5. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител секоја единица врши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација. Комисијата ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за

секоја студиска година поодделно. Ранг - листите се објавуваат на интернет страницата на единицата најдоцна до 13.10.2021 година.

6. Апликантите имаат право на приговор по објавените ранг - листи најдоцна до 20.10.2021 година. Комисијата на единицата ги разгледува и одлучува по приговорите во рок од 5 работни дена.

7. Избраните кандидати се должни документацијата да ја достават во оригинал. Доколку се утврди дека е поднесена документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Избраните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

8. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 27.10.2021 година**.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**СКОПЈЕ**